**Извештај за вршење контроли над управувањето на ТК АД Прилеп и со него капитално поврзаните друштва согласно член 480 од Законот за трговски друштва**

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-9/4
Прилеп 25.04.2018 год.

Имајќи ја во предвид законската и staутарна надлежност на неизвршните членови во својство на контрола на работењето на извршните директори како и управувањето со друштвото, на сите седници на Одборот на директори беше нагласувана ваквата контрола.

Контролата над работењето на управувањето на ТК АД Прилеп но со посебен акцент на вршените набавки и учествуваше во донесување на одлуки за зделки, а особено на зделки кои што претставуваат кредит, залог или гаранција, каде што друштвото се јавува како корисник на кредит и давање на гаранција за обезбедување на кредити каде што како корисн се јавува Тутунски комбинат АД Прилеп

На Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп одржано на ден 25.08.2017г. се отповикани со одлуки сите членови на Одборот на директори поради неодобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2017година како следи:Александар Дерменџиев, Христина Келемен, Сања Минкова, Здравко Здравески, Драган Василески, Вера Димитриева и Сања Димитриевска.

Исто така на истото Собрание на акционери се избрани нови членови на Одборот на директори како следи: Кире Станкоски, Татјана Стефаноска, Гоце Мојаноски, Никола Џамбазовски, Ѓорѓи Михаилов, Гоце Јосифоски и Шеваљ Цеку.

Контролата над управувањето со друштвото за деловната 2017г.е вршена врз основа на задолжувања на стручни лица и служби во друштвото, со задолжување за изготвување на писмени извештаи и давање на стручни мислења во деловите каде што органот на надзор имаше потреба да ги врши ваквите контроли.Овие контроли беа перманентни и континуирано правени во текот на целата 2017г. Врз вака изготвените извештаи од службите и стручните лица и со нивна соодветна анализа, Одборот ги донесуваше предложените одлуки на седниците.При овие контроли беше ставен посебен акцент на финансиските извештаи и биланс на успех и биланс на состојба на ТК АД Прилеп за деловната 2017г.

Ревизорската куќа, Друштво за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје беше предложена од Органот на управување, а прифатена од Собранието на акционери на АД Прилеп да изврши контрола на финансиските извештаи. Паралелно со преземените дејствија на независниот ревизор, беа формирани пописни комисии кои што имаа за задача да ја констатираат фактичката состојба на имотот и паричните средства на ТК АД и со него капитално поврзаните друштва.

Видно од ревизорскиот извештај изготвен од ревизорската куќа Грант Торнтон Доо Скопје за деловната 2017г. дадено е следното мислење на ревизорот :

Финансиските извештаи ја презентираат објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Тутунски комбинат АД Прилеп на ден 31 декември 2017година како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија

Почитувајќи ја законската обврска за организирање на Служба за внатрешна ревизија Одборот на директори ја организира оваа Служба, усвои Програма за работа на истата и професионално се вработени внатрешни ревизори, кои што постапуваат согласно законските обврски и согласно Стандардите на внатрешна ревизија Истите изготвија Годишен извештај за извршените контроли согласно член 415а од Законот за измена и дополнување на ЗТД кои што извештај е доставен во прилог.

Врз основа на сите извршени контроли и Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на приложените финансиски извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп во согласност со Меѓународните стандарди согласно член 480 став 3 од ЗТД, неизвршните членови на Одборот на директори предлагаат до Собранието на акционери, Годишните сметки и финансиските извештаи за Тутунски комбинат АД Прилеп да бидат одобрени од Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Во прилог кон овај Извештај Ви се доставени:

- Извештајот на независните ревизори за 2017 од ТК АД Прилеп и
- Годишниот извештај за деловната 2017г од Секторот за внатрешна ревизија

Претседател на Одбор на директори
на Тутунски комбинат АД Прилеп
Никола Џамбазовски

--------------------------------

АД-Прилеп · Тутунски комбинат · О.О. со П.О. Прилеп 1